#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Бактерии | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 5 до 10 години) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Фокусираност |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 10 минути | 20-25  минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развива свест за значењето на здравјето и тоа да се оспособи да ги препознава факторите кои можат да го загрозат здравјето. | |
| **Очекувани резултати** | |
| | |
| **Насоки** | |
| <u>**Претходна подготовка за активност**</u><br>Подготовка на материјали за игра и боици. Еден стаклен сад се полни со вода до половина. Во една чинија се ставаат камчиња или некои ситни предмети кои може да потонат во водата, а во друга чинија се прават топчиња од памук (со туткање и кружно движење на дланките и прстите).<br><br><u>**Инструкции/насоки за играта**</u><br>Во стаклениот сад се поставуваат камчињата и топчињата од памук. Детето треба да стави 2-3 капки од гелот за дезинфекција/сапун и со помош на лажица треба да ги извади топчињата од памук од садот со вода и да ги стави во друга чинија.<br><br><u>**Активност/игра**</u><br>На детето му се објаснува дека камчињата претставуваат витамини кои мора секојдневно да ги внесуваме преку овошје и зеленчук и затоа тие остануваат во нашето тело (стаклениот сад со вода). Бидејќи секојдневно играме и допираме разни | |

предмети, нашето тело доаѓа во контакт со бактерии кои се наоѓаат на нашето тело (топчињата од памук) и истите може да влијаат негативно врз нашето здравје. Затоа е многу важно да внимаваме на хигиената и затоа користиме сапун/гел за дезинфекција.

Детето е потребно да стави 2-3 капки во садот со вода и потоа со помош на лажица да ги извади памукчињата-бактериите од садот. Во текот на играта со детето се разговара за начинот на кој ја одржуваме личната хигиена и како треба да се заштитиме.

Потоа на детето му се дава лист хартија кој е поделен на два дела. На левата страна тоа треба да нацрта едно валкано дете, а на десната страна чисто дете и прибор за лична хигиена.

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| Прилог бр. 1<br>Врска до анимиран филм<br>https://www.youtube.com/watch?v=uMbCZfb5k3M | Стаклен сад; вода; лажици; памук; камчиња или некои ситни предмети кои може да потонат; 3 чинии; гел за дезинфекција/сапун; лист хартија; боици |

| **Активноста е подготвена од едукаторите:** |
|---|
| Креирано од: Соња Чаловска, Весна Пецева<br>Графички дизајн: Катерина Николовска |